**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр. 08-53

Скопје 27.02.2019 г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-53 од 13.02.2019 година, на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-1122/6 од 27.02.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 27.02.2019 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
**за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување**

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-53 од 13.02.2019 година.

## Образложение

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година, Агенцијата на 10.01.2019 година, му доставила Фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2019-100-0009 (наш.арх.бр.05-96/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 1.993.767,00 (еденмилиондеветстотинидеведесититриилјадиседумстотинишеесетиседум) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 05.01.2019 година заклучно со 04.01.2020 година. Во Агенцијата во доставната книга е заведено дека Фактурата бр.2019-100-0009 (наш.арх.бр.05-96/1) била уредно примена на 10.01.2019 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот наш арх.бр.05-765/1 од 12.02.2019 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на Фактурата бр.2019-100-0009 (наш.арх.бр.05-96/1) беше 08.02.2019 година, во кој рок радиодифузерот не го

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, во износ од 1.993.767,00 (еденмилиондеветстотинидеведесетитриилјадиисседумстотинишеесетиседум) денари.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 15.02.2019 година, со Заклучок, бр.02-748/15 од 15.02.2019 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-53 од 13.02.2019 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 15.02.2019 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-53 од 15.02.2019 година, со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

Во меѓувреме, Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, на 08.02.2019 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс Уп1 бр.08-46 од 08.02.2019 година, со дополнувања од 21.02.2019 година и од 22.01.2019 година, за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, на државно ниво, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Постапувајќи по Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс Уп1 бр.08-46 од 08.02.2019 година, со дополнувања од 21.02.2019 година и од 22.01.2019 година, Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 25.02.2019 година донесе Одлука Уп1 бр.08-46 од 25.02.2019 година за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на државно ниво на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Согласно точка 4 од Одлуката Уп1 бр.08-46 од 25.02.2019 година, Фактурата бр.2019-100-0009 (наш.арх.бр.05-96/1) од 10.01.2019 година за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување Уп1 бр.08-10 од 05.01.2015 година, за период од 05.01.2019 година до 04.01.2020 година, беше одлучено да се сторнира и на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп да му се издаде нова фактура, која се однесува на периодот од 05.01.2019 година до денот на донесувањето на предметната Одлука.

На 25.02.2019 година, Агенцијата на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп му издаде Фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2019-100-0116 (наш.арх.бр.05-1100/1), со која напред наведеното правно лице имаше обврска да плати 278.557,00 (двестеседумдесетиосумилјадиипетстотинипедесетиседум) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 05.01.2019 година до 24.02.2019 година. Фактурата бр.2019-100-0116 (наш.арх.бр.05-1100/1), беше уредно примена од страна на полномошникот на правното лице на 25.02.2019 година, при што Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп беше должно истата да ја плати во рок од 1 (еден) ден од денот на нејзиниот прием, согласно точка 4 од Одлуката Уп1 бр.08-46 од 25.02.2019 година.

На ден 26.02.2019 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика доставено е Известување, Уп1 бр.08-53 од 26.02.2019 година дека Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, на 26.02.2019 година извршило уплата во износ од 278.557,00 (двестеседумдесетиосумилјадиипетстотинипедесетиседум) денари, со што го платило во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2019 година до 24.02.2019 година. Оттука, во Известувањето Уп1 бр.08-53 од 26.02.2019 година беше наведено за Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп да се запре покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување бр.08-10 од 05.01.2015 година, покрената со Предлог Уп1 бр.08-53 од 13.02.2019 година.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-53 од 13.02.2019 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, бр.02-1122/6 од 27.02.2019, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 27.02.2019 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).